# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА ЈУУДГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“ СКОПЈЕ

# ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА



Скопје , Август 2025 година

## 1. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за ученички стандард, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на ученичкиот дом. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на Домот и ќе му користи во неговата понатамошна работа.

Извештајот претставува документ кој ги содржи сите битни информации за оценка на работата на Домот и остварувањето на Годишната програма за работа на Домот за учебната 2024/2025 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на Домот (директорот, стручните соработници и воспитувачите) во остварувањето на дејноста на Домот. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитниот и образовниот процес, се потрудивме овој извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации. За голем дел информации на овој извештај домот располага со аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, дипломи, видео записи, линкови за публикувани прилози, извештаи и сл.).

Во извештајот квантитавно се претставени ангажирањата на воспитувачите и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на воспитувачите во реализацијата на воспитно-образовни активности.
- Ангажирање на воспитувачите во реализацијата на значајните активности: учество во проекти, екскурзии, натпревари, изложби, значајни датуми, конкурси и сл.
- Ангажирање на воспитувачите во работата на стручниот орган: Совет на воспитувачи

- Ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: Совет на родители, Управен одбор, Ученичко-домско раководство, ученички клубови, спортски активности и сл.
- Ангажирање во реализацијата на други посебни програми од воспитно-образовниот процес: грижа за здравјето на учениците, заштита на животната средина, општествено-корисна работа, уредување на домот.
- Ангажирање во реализацијата на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот.
- Ангажирање во реализацијата на програмата за соработка со општествената средина: соработка со родителите, соработка со општината,соработка со Градот, соработка со бизнис заедницата, соработка со Министерството за образование и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта и домови .
- Ангажирање на стручните соработници и директорот во реализација на нивните програми.
- Ангажирање на воспитувачите во реализација на планираните активности за создавање на стимулативна средина за учење.
- Ангажирање на воспитувачите и стручните соработници во афирмација на Домот и градење на неговиот имиџ.

Имајќи предвид дека секој воспитувач е вклучен во определен тим за реализација на програмските активности во соодветно подрачје на годишната програма за работа на Домот, логички следува дека и секој воспитувач непосредно учествува со свои пишани прилози на овој извештај.

Целта на овој извештај е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите домски субјекти во креирањето на програмските определби за работа во наредниот период на учебна година.

За одредени подрачја на овој извештај Домот располага со дополнителни прилози .

Директор

Зоран Арсовски

## 2. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

## 2.1. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

ЈУУДГС„Здравко Цветковски„ се наоѓа во Општина Карпош, на ул.„Дрезденска” бр1. Неговата местоположба овозможува брз и лесен пристап до сите поважни културни институции, воспитно- образовни установи и други организации со кои соработува домот. Во непосредна близина се наоѓа општинското основно училиште ООУ„Војдан Чернодрински“, неколку средни училишта, Драмски театар, Градскиот парк ...

Вкупната корисна површина на објектот за сместување изнесува 7479 м/2, 404 легла за сместување на ученици, кујна и трпезарија со површина од 395м/2 и капацитет од 120 места.

Објектот е на четириката и подрумски простории. Подрумските простории служат како магацини, скривница, перална и простории во кои се сместени котлите за загревање на вода за централното греење.

На приземјето се наоѓаат: административни простории, соби за сместување, библиотека, клуб сала како и пинг понг сала. На секој од четирите ката се наоѓа канцеларија за воспитувачи,соби за сместување на учениците, занимални, заеднички санитарни јазли со мијални и бањи.

## 2.2. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Материјално-техничките услови во домот се на солидно ниво и воспитно-образовните активности и живеењето во Домот се одвиваат во повеќекатна зграда , каде постојано има потреба од дополнителни зафати и обезбедување на подобри технички услови, освен тековното и редовно одржување.



Слика 1.  трпезарија во домот



Слика 2.  Двор во домот



Слика 3. Спортски терен



Слика 4. Ученичка соба



Слика 5. Библиотека во домот



Слика 6. Занимална во домот

## 2.3. РАКОВОДЕН, СТРУЧЕН И АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ КАДАР

| Видови кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 18 | 5 | 11 | 1 | | | | | | | 1 |
| **Број на воспитно-образовен кадар** | 8 | 3 | 5 | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 1 | / | 1 | | | | | | | | |
| **Административни соработници** | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 5 | | 2 | 1 | | | | | | | 2 |
| **Директор** | 1 | 1 | / | | | | | | | | |

## 3. УЧЕНИЦИ ВО ДОМОТ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| | Година на школување | На почетокот на годината | На крај на годината |
|---|---|---|---|
| 1 | I година | **102** | **92** |
| 2 | II година | **82** | **82** |
| 3 | III година | **81** | **93** |
| 5 | IV година | **71** | **67** |
| 6 | Се | **336** | **334** |

## 3.1. УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Година | Одличен успех | Мн. добар успех | Добар успех | Доволен успех | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **43** | **31** | **11** | **5** | **90** |
| **II** | **47** | **28** | **10** | 1 | **86** |
| **III** | **51** | **37** | **13** | **3** | **104** |
| **IV** | **48** | **12** | **5** | **/** | **65** |
| **Вкупно** | **175** | **111** | **35** | **8** | **345** |

## 3.2. ИЗОСТАНОЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Година | Оправдани изостаноци | Неоправдани изостаноци |
|---|---|---|
| **I** | **386** | **58** |
| **II** | **612** | **97** |
| **III** | **913** | **114** |
| **IV** | **747** | **197** |
| **Вкупно** | **2658** | **466** |

## 4. ВОСПИТНИ ГРУПИ И И ОДГОВОРНИ ВОСПИТУВАЧИ

Воспитните групи се формирани врз основа на пол, година на школување, училиште, струка, време и посета на настава, од кои некои од учениците посетуваат настава само претпладне ,а други ученици посетуваат наизменично и претпладне и попладне. Со нив работат одговорни воспитувачи.

Сите воспитувачи се со високо образование и според профилот се:, психолог, професор по физичка култура, дефектолог, професор по книжевност ,социолог, дипл. агроном инженер.

| Воспитна група | Одговорен воспитувач | Воспитна група | Одговорен воспитувач |
|---|---|---|---|
| **I** | Наташа Лазареска | **VI** | Мирослав Андев |
| **II** | Марија Антевска | **VII** | Александар Ололовски |
| **III** | Оља Ј. Гигова | **VIII** | Соња Ш. Митровска |
| **IV** | Рита Тамбовска | | |
| **V** | Александар Георгиевски | | |

## 5. ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДОМОТ

| Реден број | Вид на дневна активност | Реден број | Вид на дневна активност |
|---|---|---|---|
| **1** | Лична хигиена | **5** | Часови за задолжително учење |
| **2** | Конзумирање на оброци | **6** | Слободни ученички активности |
| **3** | Посета на настава | **7** | Вечерни часови за учење |
| **4** | Одмор по настава | **8** | Пасивен одмор |

## 6. СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДОМОТ

Во Ученичкиот дом се формираат ученички секции кои работи по програми, а истите ги подготвуваат воспитувачите и се во согласност со потребите и афинитетите на учениците. Со секциите раководат одговорни воспитувачи (ментори) со избрани раководства од страна на учениците.

### 6.1. ЛИТЕРАТУРНО-ЈАЗИЧНА СЕКЦИЈА

Литературната секција активно работеше во изминатата година и целосно ја реализираше предвидената програма. Учениците вредно работеа пишувајќи поезија и проза на разни теми со цел да допрат до читателот а на тој начин да го негуваат македонскиот литературен јазик.

**Октомври**

1. Во почетокот на октомври е формирана литературната секција и презентирана програмата
2. 11.10.2024 Одбележување на празникот со читање на соодветен текст за денот на Македонското востание.
3. 23.10.2024 Одбележување на Денот на Револуционерната борба

**Ноември**

1. 05.11.2024 Одбележување на Денот на Домот со лични творби за домскиот живот и спомените понесени од него.
2. 21.11.2024 Изработување на постери за учење за извршување на училишните обврски.

**Декември**

1. 06.12.2024 год. – Презентација „ Животот и делото на Климент Охридски“

2. 15.12.2024 год. Творење на лични пораки и желби за новата година

**Јануари**

1. 24.01.2025 Дебата на тема „Роман што ми остави најголем впечаток“.

**Февруари**

1. 14.02.2025 „Св. Трифун и Св. Валентин“ Изработка паноа на тема „Љубов“ на кои се истакнати нивни поетски и прозни творби.
2. 26.02.2025 Дебата на тема „Иселувањето на младите од нашата ,,држава” (причини и последици).

**Март**

1. 08.03.2025 Работилница „Местото на жената во општеството“
2. 21.03.2025 Оодбележување на Денот на екологијата со ЕКО пораки

**Април**

1. 01.04.2025 Одбележување на Денот на шегата – изработка на стрип
2. 18.04.2025 „Позитивната енергија изградува позитивна млада личност“

**Мај**

1. Разгледување прашања од матура по предметот Македонски јазик и литература.
2. 14.05.2025 Дебата на тема ,,Воспитувањето води кон создавање на здрава личност.
3. 24.05.2025 Ден на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј

**Јуни**

1. 1.06.- 06.06.2025 Подготовка за полагање на матурскиот испит








**Одговорни воспитувачи:**

Лазареска Наташа
Тамбовска Рита

## 6.2. СПОРТСКА СЕКЦИЈА

Во текот на учебната 2024/2025 година спортската секција работеше на реализација на програмата предвидена со годишната програма на ученичкиот дом.

Во секцијата членуваа ученици од сите години и разни профили на образование а особено задоволство причинуваше членувањето на учениците од прва година кои покажаа голем интерес како на теоретски така и на практичен план.

Средбите на спортската секција се реализираа во занималната каде се одржуваше теоретскиот дел како и на спортските терени во Домот каде практично се совладуваа техниките и вештините.

Со учество на оваа секција кај учениците се постигна развој на физички, емоционален, интелектуален, морален,социјален и естетски план.А исто така се разви психолошката мотивираност која кај учениците причинува задоволство и лично самопотврдување и афирмирање во пошироки рамки во областа на спортот а исто така и во социјално општествениот живот.

**Реализирани активности:**

- Конституирање на спортски секции:пинг-понг машки и женски,шах-машки и женски,кошарка машки и ракомет женски
- Презентирање на програмата за работа на секцијата
- Избор на ученици кои членуваат во домските спортските секции
- Утврдување и усогласување на термините за работа на секциите
- Развивање на техники на играње и логично размислување,напредување и усовршување
- Теоретска презентација на ,,Методика на спортски тренинг’’
- Едукативна работилница на тема ,,Психологија на спортот’’
- Индивидуални тренинзи на спортските терени во дворот на Домот Припреми за квалификациски натпревари помеѓу учениците од ученичките домови од Р.С.Македонија

- Финални натпревари на XXXI Домијада - Струга 2025 и постигнати резултати:
  1. Ракомет женски освоено **прво место**
  2. Пинг понг женски освоено **прво место**
  3. Пинг понг машки освоено **трето место**
  4. Шах женски освоено **второ место**
  5. Фудбал машки освоено **второ место**
  6. Кошарка машки освоено **второ место**





**Одговорни воспитувачи:**
Александар Ололовски,
Александар Георгиевски,

## 6.3. ЕКОЛОШКА СЕКЦИЈА

Во текот на учебната 2024/2025 еколошката секција работеше на реализација на Програмата за работа на Еколошката секција. Во активностите учествуваа ученици од еколошката секција, но и ученици кои не се членови, а покажаа интерес за исполнување на дел од своето слободно време со што допринесоа за успешна реализација на предвидената програма.

**Реализирани активности :**




- Одржување на зеленилото во дворот на ученичкиот дом .
- Редовно чистење на отпадоците во ученичкиот дом. Собирање на **паднатите лисја во есенскиот период и** нивно компостирање.
- Хортикултурно издигнување на учениците, посебно нивната грижа **за цвеќињата во холот и трепезаријата**
- Одбележан 21 ви Март – Денот на пролетта и екологијата,
- Соработка со Ј.П.паркови и зеленило,со помош на механизација за **отстранување на растителни остатоци** ;
- Одбележување на Светскиот ден за заштита на планетата замја,
- Работилници на тема екологија се со цел за подигање на свеста **кај младиот човек**
- Изработување на флаери со еколошки пораки за подигање на свеста
- Работилница на тема: Рециклирање, одржлив развој, загадување и **климатски промени**
- Одбележување на датуми од Еколошкиот календар
- 

| | |
|---|---|
| **16 септември** | **Светски ден за заштита на озонската обвивка** |
| **18 септември** | **Меѓународен ден на геолозите** |
| **22 септември** | **Меѓународен ден без автомобили** |
| **26 септември** | **Светски ден на чисти планини (шуми)** |
| **4 октомври** | **Светски ден за заштита на животните, Почеток на недела на Вселената** |
| **6 октомври** | **Светски ден на живеењето (за заштите на населението)** |
| **8 октомври** | **Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата (за намалување на природни катастрофи)** |
| **10 октомври** | **Меѓународен ден за борбе против природни катастрофи (втора среда во октомври)** |
| **15 октомври** | **Меѓународен ден на пешачење (ден на бел стап)** |
| **16 октомври** | **Меѓународен ден на храната / „антимекдоналд ден„/ден на лебот** |
| **17 октомври** | **Меѓународен ден за образование на сиромашните (за искоренување на сиромаштијата)** |
| **20 октомври** | **Ден на јаболкото / ден за борбе против пушењето** |
| **8 ноември** | **Меѓународен ден на урбаните животни средини** |
| **27 ноември** | **Меѓународен ден против потрошувачката треска** |
| **29 декември** | **Меѓународен ден на биодиверзитетот (биолошка разновидност)** |
| **2 февруари** | **Светски ден на мочуриштата** |





| | |
|---|---|
| **5 март** | **Светски ден за заштеда на енергија** |
| **21 март** | **Прв ден на пролетта кога започнуваат активностите на младите во РМ за заштита на околината** |
| **21-28 март** | **Денови на пролетта за заштита на околината** |
| **22 март** | **Светски ден за заштеда на водите** |
| **23 март** | **Светски ден на метеорологијата** |
| **7 април** | **Светски ден на здравјето** |
| **22 април** | **Светски ден на планетата** |
| **15 мај** | **Светски ден за заштита на климата** |
| **31 мај** | **Светски ден против пушењето** |
| **5 јуни** | **Светски ден за заштита на животната средина** |
| **8 јуни** | **Светски ден на океаните** |
| **17 јуни** | **Светски ден против сушата** |



**Одговорни воспитувачи:**

Соња Шаркоска Митровска
Оља Јорданова Гигова

## 6.4. УМЕТНИЧКА СЕКЦИЈА

Во текот на учебната 2024/2025 година,Уметничката секција работеше на реализација на предвидената програма за работа на истата. Учениците од оваа секција соработуваа и со останатите секции во нашиот дом како и со надворешни организации со цел успешно реализирање на планираните активности.

Реализирани активности:

1.Формирање на уметничката секција и изработка на планот согласно со желбите и афинитетите на учениците
2.Организирана е работилница и изработка на цртежи по повод празникот „11 Октомври„
3.Одбележан е „16ти Октомври„ денот на здрава храна и во соработка со еколошката,литературната секција и персоналот од кујна, приготвени и дегустирани се здрави оброци со пропратно читање на литература за здрава исхрана
5.Организирана е работилница по повод патрониот празник на нашиот дом во соработка со останатите секции
6.Прошетка низ градот Скопје и посета на позначајни негови знаменитости по повод денот на градот
7. Презентација на престојниот проект ‘’Social dance„ во просториите на нашиот дом пред учениците од страна на координаторот.
8. Во соработка со еколошката секција спроведена е акција во самиот дом и хортикултурно се уредени просториите во него
9.Презентација и дискусија за животот и делата на „ Св Климент Охридски„ во координација со литературната секција
10.Одбележани се новогодишните празници,накитени се и новогодишно уредени домските простории во соработка со ученици и од другите секции
11.Изработено е пано со посвети и пораки за љубовта
12.Спроведена е работилница по повод „Денот на жената„ и изработени се ракотворби од страна на учениците
13.Организирана хуманитарна акција за„Помош на настраданите од пожарот во Кочани “
14.Учество на Домијада





**Одговорен воспитувач:** Антевска Марија

## 6.5. МУЗИЧКА СЕКЦИЈА

Музичката секција во учебната 2024/2025 год. во целост ја реализираше Програмата за работа. Секцијата ги опфати учениците кои имаа интереси и афинитети кон музичкото творештво, а и ученици кои се дел од музичкото училиште. Средбите на членовите од музичката секција се реализирани со соодветна програма индивидуално и по потреба на учениците.

Преку интересни активности, ја искажаа својата креативност:

- Формирање на музичката секција
- Адаприрање на соодветна просторија за вежбање , свирење, пеење , танцување и сл.
- Новогодишен концерт и слушање музика
- Работилница „ Македонска музика “
- Одбележување на Патрониот Празник на ЈУУДГС„Здравко Цветковски„, Скопје
- Средби со ученици од ДМБУЦ „ Илија Николовски Луј“
- Учество на Домијада (хор и оркестар; соло пеење) – Струга 2025



**Одговорен воспитувач:**
Александар Георгиевски

## 6.6 ДОМСКА БИБЛИОТЕКА

Во учебната 2024/2025 година домската библиотеката ги реализираше следниве активности:

- запознавање на новодојдените ученици со библиотеката
- запознавање на учениците со работното време на библиотеката
- запознавање на учениците со фондот на книги и лектири во библиотеката
- изработка на нов каталог
- внесување на новите книги и лектири во евиденцијата
- редење на нови книги
- внесување на новите ученици во евиденцијата на библиотеката
- лепење и средување на оштетени книги
- изнајмување на книги и лектири од библиотеката
- посета на саемот на книгата
- организирана посета на други библиотеки во градот и околината
- организирана посета на издавачка куќа
- месечно организирање на обработка на лектири и книги во зависност од потребите на учениците според наставната програма



**Одговорен библиотекар: Тања Николовска**

## 7. УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

1. **Проект „ Друштвен танц за социјализирање “ (Social Dance for Social Impact) во период Март-Јуни 2025**
   Проектот се реализира во соработка помеѓу **ЈУУДГС„Здравко Цветковски“-Скопје**, **Ученичкиот дом „Дора Пејаковиќ“- Загреб** од Р.Хрватска, **Дом ученика „Ниш “- Ниш**, Р. Србија и **Гимназиум „Кошице“** - Кошице, Р.Словачка.
   Во организација на Урбана Младеж, низ танц, дружење и културна размена младите ја искусуваат моќта на движењето. Мотото на овој проект е : Секоја нова средба е нова приказна, секој танц е чекор кон подобро општество.






**Одговорни воспитувачи: Соња Ш. Митровска, Рита Тамбовска**

## 8. УЧЕНИНИЧКО-ДОМСКА ЗАЕДНИЦА

Во Домот работи и ученичко - домска заедница, која работи според однапред направена и усвоена Годишна програма за работа на која ја изработуваат  учениците со помош на одговорен воспитувач.

Во учебната 2024/2025 година се одржаа 10 (десет) работни состаноци. На состаноците на Домската зедница се дискутираше и одлучуваше на следниве теми:

- Организација на слободно време на учениците
- Исхрана во Домот ( подобрување на квалитетот)
- Услови за совладување на наставните содржини по одредени предмети
- Соработка со училишта и континуирано следење на успехот и поведението на учениците
- Животот и работата на учениците во Домот
- Потреба за внесување на нови секции
- Организирање на еднодневна екскурзија
- Организирано чистење на домскиот двор
- Соработка со родители, воспитувачи и ученици.

## 9. СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ

Во оваа учебна 2024/2025 година Советот на воспитувачите одржа 9 (девет) состаноци на кој се разгледуваа и анализираа следниве теми:

- Меѓучовечките односи на вработените,
- Местото и улогата на ученичките домови ,
- Права и обврски на учениците во Домот,
- Професионален однос и иновации во воспитно- образовна програма на воспитувачите,
- Потреба од зголемена соработка со БРО,
- Учество на семинари и работилници организирани за професорите од средните училишта и воспитувачите,
- Збогатување на стручната литература во библиотеката, како и лектирни изданија за учениците.
- Континуирано стручно и педагошко-психолошко усовршување на воспитувачите.
- Учество и реализација на меѓународни проекти во регионот и Европа
- Континуирано следење на успехот и поведението на учениците
- Вклучување на родителите во разновидни активности во домот
- Организирање меѓудомска соработка преку работилници, предавања, семинари и сл.

## 10. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

ЈУУДГС „Здравко Цветковски“ успешно ја реализира Годишната програма за работа предвидена за учебната 2024/2025 година. Во реализацијата земени се во предвид сите законски измени донесени од МОН и Биро за развој на образованието. - Скопје.

Годишниот извештај на ЈУУДГС „Здравко Цветковски“ е резултат на целокупната активност на стручниот, воспитниот и раководниот кадар.

Оваа учебна 2024/2025 година се карактеризира со посебна афирмација на севкупната работа на учениците, нивно наградување за вложениот труд, соработката со родителите и воспитниот кадар, унапредување на воспитно-образовните компоненти, збогатување на дел од нагледните средства во Домот , како и понатамошна работа на Домот како модел за работа со партнери домови од други градови и соседни држави.

Во прибирањето информации за овој извештај учествуваа сите домски тимови формирани од Совет на воспитувачи, а наведени во Годишната програма за работа на Домот во учебната 2024/2025 година.

Извештајот беше утврден на седница на Совет на воспитувачи и е предложен до Управниот одбор. Управниот одбор го разгледа Извештајот на седницата на 29-08-2025 година.

**Директор**
**на ЈУУДГС „Здравко Цветковски“ Скопје**

__________________________

Зоран Арсовски

**Претседател**
**на Управен одбор**

__________________________

Александар Ололовски